Македонска академија на науките и уметностите
Бул. Крсте Мисирков 2, Скопје, Република Македонија
Тел.: + 389 02 3 235-400; Факс: + 389 02 3235-500
e-mail: manu@manu.edu.mk

# ЗАКОН ЗА МАКЕДОНСКАТА АКАДЕМИЈА НА НАУКИТЕ И УМЕТНОСТИТЕ

(Консолидиран текс кој што ги содржи: Основниот текст на Законот објавен во *Службен весник на РМ* бр. 13/96 и измените објавени во *Службен весник на РМ* бр. 5/2009 и бр. 59/2012)

## I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со овој закон се уредуваат статусот, задачите, финансирањето, изборот на членови и нивните права, органите и организацијата на дејноста на Македонската академија на науките и уметностите (во натамошниот текст: Академија).

**Член 2**

Академијата е највисока и самостојна научна и уметничка установа во Република Македонија.

Академијата е јавна установа од особено значење за Републиката.

**Член 3**

Академијата:

- го поттикнува развојот на науките и уметностите;
- ја следи состојбата во науките и уметностите и се залага за нивното унапредување, како и за оспособувањето и усовршувањето на научно-истражувачките и уметничките кадри;
- ја разгледува состојбата во областа на културното наследство и природното богатство;
- соработува во утврдувањето на политиката на Републиката во науките и уметностите;
- поттикнува, координира, организира и врши научни истражувања и уметнички остварувања, а особено оние што се од особено значење за Републиката;
- обезбедува услови за научна работа и уметничко творештво на своите членови;
- се залага за примена на современите методи во научните истражувања, како и на современите научни знаења и резултати од научните истражувања;
- воспоставува, одржува и развива меѓународна соработка во областа на науките и уметностите.

**Член 4**

Своите задачи Академијата ги остварува особено со:

- организирање на фундаментални, применети и развојни истражувања и, посебно, на комплексни и мултидисциплинарни истражувања;
- организирање на научни собири и уметнички приредби;
- објавување на резултатите од научните истражувања и научните собири и издавање на научни публикации и уметнички творби;
- препораки за примена на современите методи во научните истражувања, како и за примена на современите научни знаења и резултати од научните истражувања;
- мислења и предлози за состојбите во науките и уметностите за нивното унапредување, како и за оспособувањето и усовршувањето на научно-истражувачките и уметничките кадри, за негувањето и заштитата на културното наследство и природното богатство, за утврдувањето на политиката на Републиката во областа на науките и уметностите;
- соработка со универзитетите, научните и културните установи, друштвата за наука и уметност и други научни и уметнички организации, како и со научници и уметници во Републиката;
- соработка со академии на науките и уметностите и други научни и уметнички институции, како и со научници и уметници во странство.

**Член 5**

За вршење на стручни, административни и технички работи на Академијата се формира Секретаријат.

За остварување на своите задачи Академијата во својот состав основа одделенија, како и научни или уметнички организациони единици.

Академијата во својот состав има архив и библиотека, а може да основа и други стручни единици.

**Член 6**

Академијата има својство на правно лице.

Академијата има амблем утврден со Статутот.

Седиштето на Академијата е во Скопје.

**Член 7**

Работата на Академијата е јавна.

**Член 8**

Академијата има статут со кој поблиску се уредуваат: извршувањето на задачите, изборот, правата и должностите на членовите, внатрешната организација, делокругот и начинот на работа на органите, остварувањето на јавноста во работата, правата и обврските на вработените во Академијата, како и други прашања утврдени со овој закон.

**Член 9**

Академијата ги остварува своите задачи самостојно во согласност со Уставот, со овој и другите закони и со Статутот на Академијата.

Надзор над законитоста на општите акти на Академијата врши Владата на Република Македонија.

**Член 10**

Средствата за работа од Академијата се обезбедуваат во Буџетот на Републиката.

Академијата може да обезбедува средства за работа и од: фондови, фондации, завештанија, подароци, кредити и други средства од домашни и странски правни и физички лица, како и од приходи од издавачка дејност и други сопствени приходи.

Академијата може дел од средствата за работа да распоредува во фондови за научноистражувачки и уметнички дејности, како и во други фондови и фондации во согласност со овој закон и Статутот на Академијата.

**Член 10-а**

Академијата е сопственик на недвижни и движни ствари што ги стекнала со подарок, легат или на друг начин.

## II. ЧЛЕНОВИ НА АКАДЕМИЈАТА

**Член 11**

Членови на Академијата се: членови во работниот состав, членови надвор од работниот состав и почесни членови.

Членовите на Академијата во работниот состав се: редовни и дописни.

Редовниот член има назив академик.

**Член 12**

За редовни членови на Академијата се избираат истакнати научници или уметници, чии индивидуални научни трудови или уметнички остварувања претставуваат високи достигања и се меѓународно признати, кои постојано живеат во Република Македонија и се нејзини државјани.

За дописни членови на Академијата се избираат истакнати научници или уметници, чии индивидуални научни трудови или уметнички остварувања претставуваат значаен придонес и се меѓународно признати, кои постојано живеат во Република Македонија и се нејзини државјани.

За членови на Академијата надвор од работниот состав се избираат истакнати научници или уметници кои се државјани на Република Македонија, а не живеат постојано во Републиката, или се странски државјани, чии научни трудови или уметнички остварувања претставуваат високи достигања и се пошироко признати, а особено оние чии научни трудови или уметнички остварувања се од значење за Република Македонија.

За почесни членови на Академијата се избираат лица кои имаат особено големи заслуги за развојот на науката и уметноста во Република Македонија.

**Член 13**

Член на Академијата во работен состав може да се здобие со статус на член надвор од работниот состав, а член на Академијата надвор од работниот состав, може да се здобие со статус на дописен или на редовен член.

Поблиските услови и начинот на донесување на одлуката за премин од еден во друг статус на членство во Академијата се пропишува со Статутот на Академијата.

**Член 14**

Предлог за избор на членови во работниот состав, според поблиските услови и начинот пропишани со Статутот на Академијата, можат да дадат: одделенијата на Академијата, сенатите на универзитетите, наставно-научните совети на факултетите, наставно-научните уметнички совети на уметничките академии и советите на научните установи.

Предлог за избор на членови надвор од работниот состав и на почесни членови на Академијата дава одделение на Академијата, според поблиските услови и начинот пропишани со Статутот на Академијата.

**Член 14-а**

За предлозите за избор на членови на Академијата поднесени од сенатите на универзитетите, наставно-научните совети на факултетите, наставно-научните уметнички совети на уметничките академии и советите на научните установи се расправа и тајно се гласа во одделението во кое се избираат.

Предлозите со резултатите од гласањето одделението ги доставува на Претседателството на Академијата за натамошна постапка, најдоцна во рок од два месеца откако ги добило предлозите.

Претседателството на Академијата ги доставува до Собранието на Академијата само предлозите за кои на тајното гласање позитивно се изјасниле мнозинството од вкупниот број членови на одделението.

**Член 15**

Избор на членови на Академијата врши Собранието на Академијата.

Собранието може да врши избор на членови на Академијата ако се присутни најмалку две третини од членовите во работниот состав.

Во изборот на редовни членови учествуваат само редовните членови на Академијата.

За редовен член на Академијата избран е оној кандидат за кого гласале мнозинството од вкупниот број редовни членови.

Во изборот на дописни членови, членови надвор од работниот состав и на почесни членови учествуваат членовите на Академијата во работниот состав.

За дописен член, за член надвор од работниот состав и за почесен член на Академијата избран е оној кандидат за кого гласало мнозинството од вкупниот број членови во работниот состав.

Изборот на членовите на Академијата се врши со тајно гласање.

**Член 15-а**

Дописен член може да биде избран за редовен член (академик) по предлог на одделението во кое е избран, во согласност со овој закон и според поблиските услови и начинот пропишани со Статутот на Академијата.

**Член 16**

Членството во Академијата е доживотно.

**Член 17**

Членовите на Академијата се самостојни во нивната научно-истражувачка и уметничка дејност.

Правата и должностите на членовите на Академијата се утврдуваат со Статутот на Академијата.

На членовите на Академијата во работниот состав им припаѓа месечна награда како општествено признание.

## III. ОРГАНИ НА АКАДЕМИЈАТА

**Член 18**

Органи на Академијата се: Собрание и Претседателство.

**Член 19**

Собранието е највисок орган на Академијата.

Собранието на Академијата го сочинуваат членовите на Академијата во работниот состав.

Во работата на Собранието можат да учествуваат почесните членови и членовите надвор од работниот состав без право на одлучување.

**Член 20**

Собранието на Академијата:

1. Го донесува статутот на Академијата и одлучува за неговото менување или дополнување;

2. Ги донесува програмите за работа и развој на Академијата;

3. Ги донесува Финансискиот план и годишната сметка за извршување на Финансискиот план;

4. Избира членови на Академијата;

5. Избира претседател, еден или повеќе потпретседатели, секретар и определен број членови на Претседателството;

6. Решава за основање на одделенија, на научни или уметнички организациони единици, како и на стручни единици на Академијата;

7. Ја разгледува состојбата во науките и уметностите во Република Македонија;

8. Разгледува општи прашања во врска со остварувањето на задачите на Академијата и на Претседателството му дава насоки за работа;

9. Решава за основање на фондови на Академијата;

10. Ги разгледува и усвојува извештаите за работа на Академијата и

11. Врши други работи предвидени со Статутот.

**Член 21**

Собранието може да решава полноважно ако се присутни повеќе од половината од вкупниот број членови на Академијата во работниот состав, а одлуки донесува со мнозинство на гласови од присутните членови, доколку со овој закон или со Статутот на Академијата поинаку не е определено.

Собранието го донесува статутот на Академијата со мнозинство гласови од вкупниот број членови на Академијата во работниот состав.

**Член 22**

Претседателството го сочинуваат: претседателот, потпретседателот, односно потпретседателите и секретарот на Академијата, секретарите на одделенијата и определен број избрани членови утврден при изборот на Претседателството.

Претседателот и потпретседателот, односно потпретседателите на Академијата се избираат од редот на редовните членови на Академијата, а секретарот на Академијата и избраните членови на Претседателството се избираат од редот на редовните и на дописните членови на Академијата.

Членовите на Претседателството се избираат на четири години.

**Член 23**

Претседателството на Академијата:

1. Ги утврдува предлозите на актите што ги донесува Собранието на Академијата;

2. Ги утврдува предлозите на програмите за работа и развој на Академијата и се грижи за нивното остварување;

3. Ги утврдува предлозите на извештаите за работа на Академијата;

4. Донесува заклучоци и презема други мерки за извршување на актите усвоени од Собранието на Академијата, доколку грижата за нивното извршување не е ставена во надлежност на одделенијата и другите органи и тела на Академијата;

5. Решава за усвојување на научно-истражувачки и уметнички проекти што се финансираат од средствата на Академијата или во чие финансирање учествува Академијата, ја утврдува висината на средствата што за секој од овие проекти се обезбедуваат и врши општ надзор над нивното изведување;

6. Решава за организирање научни собири и уметнички приредби и ги утврдува средствата неопходни за нивно организирање;

7. Решава за издавање на научни трудови, уметнички творби и други посебни публикации од средствата на Академијата;

8. Врши и други работи ставени во негов делокруг со Статутот или со други општи акти донесени од Собранието на Академијата.

**Член 24**

Претседателот ја претставува Академијата, претседава на седниците на Собранието, ги свикува и претседава на седниците на Претседателството и има други права и должности определени со закон или со Статутот на Академијата.

Претседателот, во случај на отсутност или спреченост, го заменува потпретседателот, односно еден од потпретседателите што ќе го определи Претседателството на Академијата.

## IV. ОРГАНИЗАЦИЈА НА ДЕЈНОСТА НА АКАДЕМИЈАТА

**Член 25**

Правата и должностите што произлегуваат од задачите на Академијата членовите ги остваруваат во одделенијата, научните и уметничките организациони единици и во Собранието на Академијата.

Одделенијата ги сочинуваат членовите на Академијата во работниот состав кои својата основна дејност ја остваруваат во областите на науките и уметностите за кои одделението е формирано.

**Член 26**

Општите прописи за работните односи и за јавните установи се применуваат и врз вработените во Академијата, доколку со овој закон поинаку не е определено.

Во остварувањето на задачите на Академијата, покрај членовите на Академијата, учествуваат и вработени во научните и уметничките организациони единици, во стручните единици и во Секретаријатот на Академијата.

Во зависност од задачите што ги извршуваат, вработените се класифицираат во следниве групи:

I научни и уметнички соработници,

II стручни административни соработници и

III технички и помошни работници.

Звањата, описот на звањата, видот и степенот на образованието на вработените во Академијата се утврдуваат со актот за систематизација на работни места во Академијата.

**Член 26-а**

Вработениот во Академијата има право на основна плата, додаток на плата и надоместоци на плата согласно со овој закон, коишто одговараат на неговото работно место, според условите утврдени во актот за систематизација на работни места.

Платите, додатоците на плати и надоместоците од плата на вработените во Македонската академија на науките и уметностите се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија и од други приходи утврдени со овој закон.

**Член 26-б**

Со основната плата која се исплатува на вработен во Академијата се обезбедува вреднување на соодветниот степен на образование утврден со актот за систематизација за работните места, за работното место на кое тој е распореден и работното искуство.

Степенот на образование утврден за соодветна група во согласност со членот 26 од овој закон се вреднува, и тоа за:

| | |
|---|---|
| - докторат на науки | 300 бода |
| - магистратура | 250 бода |
| - високо образование | 200 бода |
| - средно образование | 100 бода |
| - основно образование | 70 бода |

**Член 26-в**

Работното искуство на вработениот во Академијата се вреднува во износ од 0,5% од делот на основната плата со која се вреднува степенот на образованието и додатокот на плата за звање, за секоја навршена година работен стаж, а најмногу до 20%.

**Член 26-г**

Со додатокот на плата за звање се обезбедува вреднување на секое звање во зависност од видот и обемот на работата, сложеноста и одговорноста за извршување на работата.

Додатокот на плата за звање на научните и уметничките соработници, се утврдува во согласност со закон и колективен договор од областа на научно-истражувачката и уметничката дејност.

Додатокот на плата за звање на стручно-административните работници се вреднува, и тоа за:

| | |
|---|---|
| секретар на Секретаријатот | 671 бод |
| заменик на секретар на Секретаријатот | 596 бода |
| раководител на стручна единица | 496 бода |
| раководител на сектор | 496 бода |
| раководител на отсек | 346 бода |
| советник | 281 бод |
| виш соработник | 246 бода |
| соработник | 231 бод |

| | |
|---|---|
| помлад соработник | 201 бод |
| самостоен референт | 196 бода |
| виш референт | 181 бод |
| референт | 166 бода |
| помлад референт | 146 бода |

Вредноста на бодот за платите на вработените од ставот 3 на овој член се утврдува секоја година во согласност со актот за систематизација на работни места, а според висината на бодот за платите на државните службеници.

Платите на лицата вработени во Академијата кои вршат технички и помошни работи во зависност од степенот на образование и работното место на кое се распоредени се утврдуваат согласно со прописите за работни односи и актот на Академијата.

## V. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 27**

Академијата ќе ја усогласи својата организација и работа со одредбите на овој закон во рок од шест месеци по неговото влегување во сила.

Статутот на Академијата и другите акти утврдени со овој закон ќе се донесат во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

**Член 28**

Со влегувањето во сила на овој закон дописните членови избрани според досега важечките прописи преминуваат во статус на редовни членови на Академијата, доколку ги исполнуваат условите предвидени со овој закон.

Преминувањето на дописните членови во редовни членови Собранието на Академијата ќе го утврди со одлука.

**Член 29**

Со денот на влегувањето во сила на овој закон престанува да важи Законот за Македонската академија на науките и уметностите „Службен весник на СРМ“ број 9/67, 18/76 и 30/78).

**Член 30**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

**ОДРЕДБИ**

од Законот за изменување и дополнување на Законот за Македонската академија на науките и уметностите („Службен весник на Република Македонија” бр. 5/2009)

Член **4**

Академијата ќе ја усогласи својата организација и работа со одредбите на овој закон до 31 декември 2008 година.

Академијата ќе го усогласи Статутот и ќе ги донесе сите подзаконски акти предвидени со овој закон најдоцна до 31 декември 2008 година.

Член **5**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе започне да се применува од 1 јануари 2009 година.

**ОДРЕДБИ**

од Законот за изменување и дополнување на Законот за Македонската академија на науките и уметностите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/2012)

Член 16

Статутот на Академијата да се усогласи со овој закон во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 17

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.